Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ
Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

2018 година

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со
ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
ул. „Васко Карајанов“ бр.2/4 1000 Скопје

уредник: Андреј Сених
дизајн: Бојан Ковски

Скопје, 2019

# СОДРЖИНА


- За ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ---------------------------------------------------------------------------- 04
- УВОД ---------------------------------------------------------------------------------------------------- 06
- УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА И ЈАКНЕЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЛИЦА СО ХИВ --- 08
- УСЛУГИ ЗА ХИВ ТЕСТИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ ----------------------------------------- 15
- ЗАСТАПУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ПОЛИТИКИ ---------------------------------------------------------------------------------------- 17
- ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ХИВ ------------------------------------ 26
- ПАРТНЕРИ, ПОДДРЖУВАЧИ И СОРАБОТНИЦИ --------------------------------------- 28
- ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ------------------------------------------------------------------ 30

# ЗА ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Поаѓајќи од сфаќањето дека крајната цел на заедничкото дејствување е и првиот мотив за дејствување, со право ќе потврдиме дека Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, како прв и единствен облик во нашата држава на самоорганизирање на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ и нивните блиски поддржувачи, е автентичен ентитет, чија цел на постоење и делување е обезбедување меѓусебна поддршка, помош и омоќување на заедницата на лицата со ХИВ.

## ВИЗИЈА

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ се води од визијата за општество во кое луѓето што живеат со ХИВ имаат достоинствен и исполнет живот, ослободени од стегите на стигмата и дискриминацијата и во кое имаат непречен пристап до сеопфатна здравствена грижа, лекување и терапија во врска со ХИВ, како и во врска со други здравствени состојби, во согласност со најсовремените достигнувања на науката.

## МИСИЈА

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ дејствува за зајакнување на луѓето што живеат со ХИВ како рамноправни членови на општеството, за почитување на нивното достоинство и за остварување на нивните здравствени и човекови права.

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ посебно се залага за континуиран пристап до современа антиретровирусна терапија и сеопфатен третман за ХИВ и за состојби поврзани или неповрзани со ХИВ, во

Основни начела врз кои се организирани работата и дејствувањето на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ:
- еднаквост и рамноправност,
- заемност и солидарност,
- партиципативност,
- доверливост,
- непристрасност и независност,
- транспарентност,
- законитост во работењето.

„Здравјето не е само отсуство на болест, туку состојба на целосна физичка, емотивна, ментална и социјална благосостојба".

Во духот на овој холистички принцип, здравјето на луѓето кои живеат со ХИВ го гледаме како состојба која непосредно зависи не само од пристапот до квалитетна и современа терапија за ХИВ, туку од опсежна синергија на фактори, кои се не помалку важни за лицата со ХИВ да имаат квалитетен, достоинствен и исполнителен живот, базиран на еднаквост, недискриминација и социјална правда.

# Како делуваме

*„Квалитетот на услугите, остварувањето на човековите права и дискриминацијата се рефлектираат врз квалитетот на животот на припадниците на оваа заедница“.*

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ обезбедува психосоцијална, врсничка, правна и други видови поддршка за луѓето што живеат со ХИВ во Македонија. Како здружение даваме активен придонес во креирањето и спроведувањето на јавните политики поврзани со обезбедувањето квалитетна и современа терапија за ХИВ, подобра здравствена грижа и превенција на ХИВ, како и на политиките поврзани со јавното здравје и здравствената заштита воопшто.

Посебно се застапуваме за поголема достапност на животоспасувачки лекови во Република Македонија. Работиме на подигнување на јавната свесност за ХИВ и за доброволното тестирање за ХИВ во Македонија, како и на намалување на предрасудите и дискриминацијата врз основа на здравствената состојба. Исто така, спроведуваме обуки и вршиме едукација за ХИВ на професионалци и заинтересирани лица од различни области: обуки за здравствени работници, јавни службеници во судството, полицијата, обуки за вработени, едукации за превенција итн.

Во остварувањето на својата мисија ЗАЕДНО ПОСИЛНИ гради партнерства и има отворена соработка со други граѓански организации, меѓународни владини и невладини организации, институциите, локалната самоуправа и бизнис-секторот, со цел да се унапреди заедничкиот одговор кон ХИВ во Македонија.

# УВОД

Изминатата 2018 година за нас беше период на раст, на внатрешни промени, но и на стабилизирање – како организациско, така и во смисла на нашето програмско делување. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ за прв пат учествуваше на јавен повик објавен од Министерството за здравство за избор на здруженија извршители на активности од Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2018 година и склучи договор со Министерството како единствена организација извршител на активноста „Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ“. Со успешната имплементација на предвидените активности од Програмата го потврдивме нашиот статус на кредибилна организација и партнер на институциите што работат во делот на јавното здравје. Воедно, учествувавме во процесот на успешното преземање од Владата на Република Македонија на финансирањето на програмите за ХИВ насочени на клучните популации засегнати од вирусот.

Потоа, заедно со нашите партнери од здруженијата ЕГАЛ – Еднкавост за геј и лезбејки и СТАР-СТАР – здружението за поддршка на сексуалните работници, влеговме во втората година од спроведувањето на регионалната програма „Право на здравје: акции на заедниците за зголемување на пристапот до услуги за ХИВ за МСМ и трансродови лица во централна и источна Европа и централна Азија“, раководена Евроазиската коалиција за машко здравје; преку оваа програма придонесовме што повеќе да се чуе гласот на дел од засегнатите заедници (луѓето што живеат со ХИВ, геј и бисексуалните мажи и другите мажи што имаат секс со мажи, како и сексуалните работници) и да се вгради во националниот одговор на ХИВ, сето тоа поткрепено за докази од повеќе видови анализи, чие спроведување го инициравме, поддржавме или раководевме.
Продолживме да учествуваме во креирањето на јавните политики во контекстот на националниот одговор на ХИВ, особено залагајќи се за стручна и на докази заснована дискусија во рамките на Националната комисија за ХИВ и придонесувајќи за градење и унапредување на механизмот за финансирање на активностите од Програмата за заштита од ХИВ на Министерството за здравство што ги спроведуваат граѓанските организации.

Нашето делување во рамките на сите овие процеси од национална важност се потпираше на непосредната работа со луѓето што живеат со ХИВ, како и оние што се засегнати од вирусот.

Во согласност со воспоставената практика, работата на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во 2018 година беше организирана во следниве главни програмски области:

- ПОДДРШКА – услуги за поддршка и јакнење на заедницата на лица со ХИВ
- ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ – услуги за ХИВ тестирање и советување
- ПОЛИТИКИ – застапување и учество во креирањето на јавни политики
- СВЕСНОСТ ЗА ХИВ – подигнување на јавната свесност
- УПРАВУВАЊЕ – управување и организациски развој на Здружението

Овој извештај дава осврт на целокупното работење на организација, како и остварувањата, од програмски, финансиски и развоен аспект.

Севкупното дејствување се потпираше на тимот кој е професионално ангажиран во извршната канцеларија на Здружението, волонтерскиот ангажман на управниот одбор, како и на волонтерскиот придонес од нашите членови и поддржувачи. Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ функционираше според насоките на својот петочлен управен одбор, во состав: Кире Благоески (претседател), Румена Ѓердовска, Емилија Ташкова, Кирил Кречев и Александар Темелковски, со извршно управување од Андреј Сених (извршен директор). Собранието ја одржа својата редовна годишна седница на 3 ноември, 2018 г., додека управниот одржа повеќе состанока во текот на годината и обезбедуваше постојана поддршка на извршната канцеларија.

Извршната канцеларија функционираше со тим од 5, а во некои месеци и 6 лица. Ова воедно беше и најголем број вработени во организацијата. Како даватели на услуги (врсничка и психосоцијална поддршка и ХИВ-тестирање), покрај дел од вработените, беа ангажирани дополнителни 6 лица, членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и надворешни соработници. Дел од нашиот тим беа Ивана, Ненад, Никола, Сања, Антонио, Румена, Кире, Кирил, Емилија, Зорица, Наде, а во текот на годината ни се придружија и Анета и Бојан.

# УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА И ЈАКНЕЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЛИЦА СО ХИВ

Поддршката и јакнењето на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија, како основна дејност на Здружението континуирано беше обезбедувана во вид на услуги за врсничка, психосоцијална и правна поддршка. .

## Врсничка поддршка

### Група за поддршка, обуки и работилници

**Активности:**

- интерактивни работилници за тераписка писменост, придржување до терапија, живеење со ХИВ, превенција на други заболувања, емоционална писменост и едукација за најновите информации во светот поврзани со ХИВ.
- обуки за врснички советувачи – обучување на лица со ХИВ кои се веќе зајакнати во менаџирањето на својата ХИВ-инфекцијата и животот со неа, кои имаат капацитет да влијаат позитивно на другите лица со ХИВ и да им помогнат преку давање на поддршка во справување со стравовите, дилемите и соочувањето со стигмата, дискриминацијата и пристапот до здравствени услуги.

**Што реализиравме:**

- спроведени се 10 тематски работилници на социотераписка група за поддршка на теми од интерес на лицата со ХИВ
- спроведени се 2 обуки за врснички советувачи
- спроведена е 1 дводневна обука за тераписка писменост
- одржани се 12 работни состаноци со членови на Здружението за осмислување и спроведување на заеднички активности

Придобивки за корисниците на услугите (лицата со ХИВ): вклученост, омоќување, остварување на правото на поддршка, лесна пристапност за добивање на услуги креирани и прилагодени во согласност со нивните потреби и интереси.

# Обука за тераписка писменост за лица со ХИВ

Како дел од едукацијата и омоќувањето на луѓето што живеат со ХИВ, беше организирана дводневна обука за тераписка писменост (Охрид, 18-20 мај, 2018 г.), на која зедоа учество 21 лице со ХИВ.

**Целта за реализирање на обуката беше:**

- да се потенцира важноста на емоционалната интелигенција во придржувањето до АРТ
- да се презентираат стратегии за надминување на психолошките афекти, кои влијаат на подобрување на придржувањето до пропишаниот тераписки режим
- да се зголемат знаењата за современите можности за лекување на ХИВ
- да се постигне подобро разбирање на сопствената терапија
- да се поттикне поголема интеракција со лекарот
  Беа опфатените следните теми:
- Поврзаност на емоционалната свесност со придржувањето со терапијата
- Работилници за зголемување на концентрација
- Стратегии за придржување кон АРТ
- Поврзаноста на себепочитувањето и способноста да се придржувам до АРТ
- Заедницата – систем на поддршка во придржувањето (адхеренцата) до АРТ
- Работилница: „Јас пред себе си и во очите на другите“

Обуката се спроведе во соработка со тимот од Советувалиштето за ХИВ при Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

Учесниците (лица кои живеат со ХИВ) изразија големо ниво на задоволство од обуката и ја сметаа за корисна во однос на знаењето и квалитетот на пренесување на информации.

**Придобивки за корисниците со ХИВ:**

- зголемено ниво на знаење во однос на антиретровирусна терапија во Македонија, нејзината достапност и различни модалитети на употреба
- поактивна и колаборативна интеракција со лекарот, за заемно прифатлив тек на однесување со цел позитивен тераписки исход
- менување на старите навики – разбирање на сериозноста на несоодветното придржување до АРТ
- подобар менаџирање на својата терапија
- унапредување на квалитетот на животот

### Индивидуална врсничка поддршка

Врсничкото советување го спроведуваат обучени врснички советувачи, кои со своето знаење, вештини и лично искуство се појдовна точка до релевантни информации во врска со ХИВ инфекцијата. Успешното врсничко советување ја зголемува личната самопочит, можноста лицата со ХИВ самостојно да носат одлуки, успешно да ја менаџираат сопствената ситуација и храбро и одважно да чекорат понатаму.

**Што реализиравме:**

- Беа дадени **вкупно 101 услуга**, а опфатени вкупно **39 различни клиенти што живеат со ХИВ**, од кои **15 нови**:
    - Врсничко советување – 67 услуги
    - Информативен разговор – 2 услуги
    - Помош во пристапот до терапија – 20 услуги
    - Домашна посета – 6 услуги
    - Болничка посета – 5 услуги
    - Придружба до здр. установа – 1 услуга

Во 2018 година беа активни 6 даватели на услуги – обучени врснички советувачи.

**Придобивки за корисниците со ХИВ:**

- лесен пристап до врсничка поддршка од страна на врснички советувач – лице со искуства во врска со ХИВ за споделување и практично учење
- добиени релевантни информации за живеењето со ХИВ, сексуалното и репродуктивното здравје
- подобрени знаења за ХИВ и усвоени техники за подобро справување со ХИВ-инфекцијата
- одговорно придржување до третманот
- подобрување на квалитетот на врските со партнерите и пријателите

# Приказ на случај: Кога крајот на врската ќе се преточи во нов почеток

Г.Б. е момче на 25 годишна возраст од внатрешноста на земјата, кој живее извесно време во главниот град заедно со својот партнер. Г.Б подолго време размислувал да направи ХИВ тест, и еден ден се одлучиле заедно со својот партнер да се тестираат во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ преку мобилната лабораторија за ХИВ теренско тестирање. Го избрале овој начин како полесен и поблизок до нивните потреби да не бидат видени и забележани дека се тестираат за ХИВ. И двајцата добиле советување пред и по тестот. Г.Б. штотуку дознал дека е ХИВ-позитивен, додека неговиот партнер дека е ХИВ-негативен. Одлучил да ја сподели информацијата за својот ХИВ+ статус очекувајќи дека неговиот партнер е неговата љубов и поддршка и дека безрезервно ќе го прифати, но го доживеал сосем спротивното. Партнерот го избркал Г.Б. од станот во којшто живееле заедно, со навредлив и груб однос. Покрај шокот што го донело самото откривање на дијагнозата на ХИВ-инфекцијата, на момчето му се случил дополнителен огромен пресврт во животот.

Неколку дена потоа се одлучил да се јави во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и да побара помош. За почеток, му беше обезбедена поддршка и придружба до надлежната здравствена установа – Клиниката за инфективни болести – за потврдување на реактивниот ХИВ-тест и поставување конечна дијагноза, бидејќи притиснат од проблемите со партнерот, тој сè уште не го беше направил тој чекор. Воедно беше поврзан со услугите на Советувалиштето за ХИВ во рамките на клиниката, каде што му беше укажана советодавна помош од психолог, со цел полесно да се соочи со новата дијагноза и да се приспособи на животот со неа, како и да спречи можна перипетија на психолошки состојби.

Во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Г.Б. започна и серија индивидуални средби со врснички советувач за ХИВ, во кои подоцна беше вклучен и неговиот бивш партнер. Врсничкиот советувач од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ им помогна со совети како да продолжат да живеат заеднички и квалитетно, но и како да превенираат можен пренос на вирусот. За неколку месеци Г.Б. постигна недетектабилен вирусен товар и двајцата се уверија дека можат заедно информирано и правилно да се соочат со новиот предизвик. Нов почеток, позрело однесување...

# Психосоцијална поддршка

**Активности:**

- помош за лица во неповолна социјална положба – доделување на ваучери за основни прехранбени и хигиенски производи
- покривање на патни трошоци за здравствен преглед за следење на ХИВ инфекцијата и/или за подигнување на терапија
- доделување еднократна парична помош – за лица во високо неповолна социјална состојба
- давање на советодавни услуги од страна на психолог или социјален работник

**Што реализиравме:**

- **советодавни услуги** - дадени се 74 услуги од страна на психолог/социјален работник на **47** различни **клиенти** што живеат со ХИВ
- **помош за храна и хигиенски производи** – доделени се ваучери на **20** различни **лица**, најмалку еднаш во текот на годината; од нив, **13** различни лица оваа помош ја добивале **редовно** (за секој месец)
- **патни трошоци** - покриени се на вкупно **13** лица за подигнување терапија и/или здравствен преглед поврзан со ХИВ-инфекцијата **најмалку два пати** годишно
- **еднократна парична помош** - доделена е на **1 лице** во состојба на висок социјален ризик

**Придобивки за корисниците со ХИВ:**

- советодавни услуги од психолог – добивање корисни и ефективни совети и препораки за полесно надминување на епизодниот карактер на психолошката состојба непосредно по соопштувањето на ХИВ-позитивниот статус, решавање на емоционалните проблеми, спречување на потенцијалните кризни ситуации, поттикнување на позитивни промени во социјалното однесувањето и социјалното адаптирање на лицата во социјалната средина, услуги од областа на социјалната заштита и остварување на правата од социјалното и здравственото законодавство.
- советодавни услуги од социјален работник – дадените услуги вклучуваа помош во решавањето на проблемите поврзани со егзистенцијалните услови на клиентот, информирање за правата од социјалната и здравствената регулатива, застапување на интересите на клиентот во остварувањето на правата од социјалното осигурување, заштитата на пациентите од стигма и дискриминација, пред сè при интеракции со здравствени работници.
- социјалната помош –мерка за олеснување на пристапот до лекување и терапија и осигурување на придржувањето до терапијата кај лица со ХИВ кои живеат во исклучително неповолни социјални услови и социјален ризик.

# Правна поддршка

Доколку не постои сервис за бесплатна правна поддршка, во кој клиентите имаат доверба, тие нема да пријавуваат случаи за повреда на нивните права, со што, ќе се намали просторот за влијание врз институциите, кои создаваат слика дека не постојат повреди на правата.

**Што реализиравме:**

- Беа преземени правни дејствија во врска со **20 случаи** – остварени **8 индивидуални средби** со **3 клиенти** и работа со **17 клиенти** во врска со **документирање на случаи**. Случаите се однесуваат на повреда на правото од здравствена заштита, правото на социјална заштита, повреда на правото на приватност од страна на здравствена институција и правото на приватност преку компјутерски систем

**Придобивки за корисниците со ХИВ:**

- Со оглед на фактот дека заедницата на лица кои живеат со ХИВ е прилично мала, развивме сервис за бесплатна правна поддршка во рамките на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во кој имаат доверба и можат да пријават прекршување на права и дискриминација, без да се плашат дека ќе бидат стигматизирани. Некои од нив се охрабрија и да покренат постапки против прекршителите на нивните права и со тоа придонесоа да се актуелизира прашањето на дискриминација по основ на здравствен статус, како и интерсекциска дискриминација која особено ги погодува овие лица.

# Сведоштво

*„Ако треба некој да зборува за да престане оваа неправда, јас ќе бидам ТОЈ“*

Поради различни случувања во мојот живот, имав потреба да направам психолошко тестирање. Се обратив до психолог во јавна здравствена установа кое беше најблиску до моето место на живеење. За време на тестирањето, психологот ми постави различни прашања за приватниот и сексуалниот живот, кои за да ги одговорам морав да кажам дека сум хомосексуалец. И не мислев дека треба да го кријам тоа. Испрашувајќи ме и понатаму, со психологот споделив и дека сум ХИВ-позитивен и работам на справување со новонастанатата ситуација.

Но, реакцијата на психолот на ова беше далеку од професионална. Уште во истиот момент се соочив со навреди и понижувања. Притоа, од психологот ми беше кажано дека истополовите сексуални односи не ги смета за нормални, туку за помодарство донесено од западот, а токму тоа што имам „СИДА“ ми е „казна од Господ“, затоа што сум имал истополови односи. Можев да заклучам дека се сретнав со човек кој е полн со предрасуди, стигматизира и дури не ни ја знае разликата меѓу ХИВ и СИДА.

Но, не претпоставував дека работата ќе оди дотаму што овие ставови ќе се одразат и врз толкувањето на резултатите од психолошкото тестирање кое го направив, па за сметка на тоа добив наод дека имам наводна „психосексуална неусогласеност"(!). Што значи психосексуална неусогласеност и зошто ми беше дијагностицирана, никогаш не ми беше објаснето, иако побарав одговор кога ги земав резултатите.  Ова длабоко ме погоди и со недели бев вознемирен.

Знаејќи дека Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, нуди бесплатна правна помош на лица кои живеат со ХИВ, веднаш се обратив до нив со цел да побарам правна заштита. Бев решен да се побунам против нечовечкиот третман со кој се соочив.

Од страна на правната советничка на едноставен и јасен начин ми беа објаснети различните механизми за правна заштита на повредените права и против дискриминација, кои можам да ги употребам. Ми беше кажано и дека пред некои институции ќе мора да го откријам својот идентитет, затоа што истите не прифаќаат анонимни пријави. Не се двоумев, туку бев решен правдата да ја истерам до крај.

Поднесовме претставки, односно жалби до Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Државниот санитарен и здравствен инспеторат, како и до Комората на психолози. За жал, следното разочарување со кое се соочив дојде од страна на институциите кои наводно требаше да ги штитат моите права. Комисијата за заштита од дискриминација констатираше дека не постои дискриминација, бидејќи не сум имал доволно докази. Државниот санитарен и здравствен инспекторат се прогласи за ненадлежен. Народниот правобранител ги задолжи јавната здравствена установа и Комората на психолози да го испитаат случајот. Но, јавната здравствена установа застана во одбрана на својата вработена и ја ослободи од обвиненијата. Комората спроведе дисциплинска постапка и најде дека психологот не е виновен за делата за кои се наведува во претставката. Работата да биде дотолку полоша, правната советничка на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ воочи дека целата постапка водена на Комората била водена незаконски и спротивно на правните акти на Комората, па ја оспоривме постапката и одлуката и побаравме постапката да се повтори. Откако Народниот правобранител ја задолжи Комората да ја повтори постапката, Комората се прогласи за ненадлежна, тврдејќи дека тие немаат надзор над психолози вработени во јавното здравство.

Не можев да поверувам дека ниедна институција нема слух за мојот проблем и за она понижување кое го доживеав. Но, не планирам да се откажам. Решив докрај да ги искористам сите можни правни механизми, сè со цел конечно да се разреши случајот, а најмногу за да испратам порака дека лицата со ХИВ заслужуваат еднаков третман како и сите други лица.

С.А. 23г.

# УСЛУГИ ЗА ХИВ ТЕСТИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ

Глобалната цел 90-90-90 останува предизвик и понатаму, а особено во однос на процентот на лица со ХИВ коишто се свесни за својот ХИВ-статус. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ веќе четврта година по ред ја дава и услугата за ХИВ-тестирање во рамките на заедницата, како дел од програмата за доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ со која раководи здружението ХЕРА, во соработка со Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје. Оваа активност се спроведуваше во пунктот за тестирање на здружението во редовни смени секоја среда и сабота од 17 до 20 часот. Покрај тоа, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ организираше и теренски смени со мобилна лабораторија.

Придобивки од ХИВ тестирањето во нашиот центар:

- услугата е прилагодена и сензитивна во однос на припадниците на заедницата на геј и бисексуални мажи и другите мажи што имаат секс со мажи, а е достапна за сите заинтересирани лица
- сервисот е географски подобен за лесна навигација од сите делови на градот и надвор од него, се наоѓа во нефреквентна физичка околина, има вонболнички ентериер и пријатен амбиент, како и стручен и љубезен персонал
- сервисот работи во две редовни смени, од кои, едната наменски се организира за време на викенд

Што реализиравме:

- одржани се **96 смени** во стационарот за тестирање при ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и **42 теренски** смени
- остварени се **308 тестирања**, од кои 105 со стационарната услуга, а 203 со теренската. 291 клиенти беа припадници на клучните популации засегнати од ХИВ, додека 17 беа припадници на општата возрасна или млада популација. Во 2018 преку Заедно ПОСИЛНИ **се откриени 2 случаи** со реактивен ХИВ тест (1 стационарно и 1 теренско).



# Работилница за здравствени работници – лекари од повеќе специјалистички профили

Во соработка со Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, на 6-7 октомври 2018 година во Маврово се одржа дводневна работилница за избрани специјалистички профили (инфектолози, дерматовенеролози, уролози) на тема: „Превенцијата, дијагностиката и лекувањето на ХИВ-инфекцијата во контекст на сексуалното и репродуктивното здравје“. На неа учествуваа 17 доктори – специјалисти.

Целта на работилницата беше стручна консултација во рамките на мултидисциплинарен специјалистички тим за комплетно и континуирано следење и третман на пациенти кои живеат со ХИВ инфекција, како и континуирана едукација на здравствени работници од различни профили за новитетите во лекувањето и превенцијата на ХИВ-инфекцијата и профилаксата за здравствените работници.

**Беа опфатени следниве теми:**

- „Епидемиолошки осврт на ХИВ-инфекцијата во Р. Македонија“ – новини во третманот, улогата на третманот во превенција на ХИВ, раното откривање на ХИВ инфекцијата кај пациентите.
- „Заштита при работа на здравствени работници“.
- „Венерични“ или „сексуално преносливи инфекции“?
- „Неопходни превентивни прегледи со цел унапредување на машкото здравје, со акцент на ХИВ“.

**Придобивки:**

- Состанокот овозможи подобро разбирање на заемната поврзаност на пристапите за дијагностика и лекување на ХИВ и на други прашања од областа на сексуалното здравје, вклучувајќи ги и сексуално преносливите инфекции.

# ЗАСТАПУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Застапувањето и учеството во креирањето на јавни политики е особено значаен дел од нашето делување. И во 2018 година оваа област изобилуваше со активности и иницијативи, од коишто дел имаа исклучително значење во однос на националниот одговор на ХИВ.

## Делување преку партнерства

Во делот на застапувањето ЗАЕДНО ПОСИЛНИ се стремеше да делува преку партнерства со други организации, а особено организации водени од заедниците засегнати од ХИВ. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ имаше лидерска улога во поголемиот дел од овие здружени напори.

**Особено важни беа следниве партнерства:**

- **Платформа за одржливост на сервисите за превенција и поддршка за ХИВ**. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, во соработка со здружението ХЕРА, функционираше како секретаријат на платформата од вкупно 15 граѓански организации што спроведуваат програми за превенција и поддршка во врска со ХИВ за клучните засегнати популации. Платформата се фокусираше на повеќегодишната цел да се воспостави функционален и долгорочен механизам во рамките на Министерството за здравство за вклученост на граѓанските организации како имплементатори на активностите за превенција и поддршка во врска со ХИВ насочени на клучните засегнати популации.

- **Партнерство со здруженијата ЕГАЛ и СТАР-СТАР во спроведувањето на активности од регионалната програма „Право на здравје: Акции на заедниците за зголемување на пристапот до услуги за ХИВ за МСМ и трансродови лица во централна и источна Европа и централна Азија“**. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ беше носител на националната компонента во програмата „Право на здравје“, раководена од Евроазиската коалиција за машко здравје (ЕКОМ), преку која со различни пристапи делувавме за унапредување на правата на геј и бисексуалните мажи и другите мажи што имаат секс со мажи, како и транс лицата во Македонија.

- **Иницијатива за застапување за одржливост и транзиција на земјите од Југоисточна Европа**. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ придонесе во конципирањето на дел од активностите на ниво на регионот на Југоисточна Европа.

# Поважни комуникации со донесувачите на одлуки

Остваривме многубројни комуникации со институциите и донесувачите на одлуки во рамките на нашите активности за застапување. Овде издвојуваме некои од поважните:

- Состанок со државниот секретар во Министерството за здравство што го иницираме во име на Платформата за ХИВ во врска со активностите од за Програмата заштита на населението од ХИВ за 2018 г. (22.1.2018)
- Итен состанок на иницијатива на државниот секретар за здравство, по наша реакција, на кој се ревидираа дел од активностите и индикаторите во Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2018 година, врз основа на аргументите што ги презентиравме (23.1.2018)
- Краток состанок со Министерот за здравство (7.3.2018) на кој го информиравме Министерот за најновите наоди во однос на епидемијата на ХИВ кај популацијата на мажи што имаат секс со мажи, кои за прв пат покажаа концентрирана епидемија во оваа популација
- Серија состаноци и комуникации со администрацијата на Министерството за здравство со цел да се утврди начинот на објавување јавен повик за граѓански организации што ќе спроведуваат активности од Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Македонија за 2018 година (јануари – март 2018 г.)
- Претставник на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ учествуваше во панел дискусија за одржливоста на програмите за ХИВ и транзицијата од донаторско кон домашно финансирање, заедно со извршниот директор на Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија и министрите за здравство и за труд и социјална политика на Република Македонија, г-н Венко Филипче и г-а Мила Царовска (7.5.2018)
- ЗАЕДНО ПОСИЛНИ даде суштински придонес во формулирањето на агендата и делови од содржината за Министерскиот состанок кој се одржа на 7.5.2018 г. на кој министрите, односно замениците-министри од 9 земји од регионот на Југоисточна Европа презедоа обврски за поддршка на процесите на транзиција од донаторско кон национално финансирање на програмите за ХИВ за клучните популации како и на интервенциите за туберкулоза



- Во соработка со нашите партнери од Здружението ХЕРА оствариме состанок со Меѓупартиската парламентарна група за ХИВ на кој учествуваа пратеничките Јагода Шахпаска, Ирена Стефоска, Маја Морачанин, Лилјана Поповска и Јулија Николова. Тие беа детално запознаени со развојот на процесите за воспоставување на долгорочен и функционален механизам за финансирање на активностите на граѓанските организации, како и со последните наоди од биобихејвиоралните студии меѓу мажи што имаат секс со мажи, лица што инјектираат дрога и сексуални работници, како и со моменталните предизвици на ХИВ-епидемијата во Македонија. Членовите на Меѓупартиската група искажаа подготвеност да се вклучат и да го поддржат процесот за воспоставување долгорочен и функционален механизам за финансирање на активностите што ги спроведуваат граѓанските организации, вклучувајќи и поддршка на евентуално неопходни законски измени.

# Клучни остварувања

Со нашите активности на застапување, самостојно и здружено со другите партнери од граѓанскиот сектор, ги оствариме следниве директни резултати:

- Се зајакна праксата на финансирање на сите веќе воспоставени програми за ХИВ за клучните засегнати популации во рамките на националната програма за ХИВ, преку Министерството за здравство. Ова значеше дека за прв пат беа склучени годишни договори со 15 организации имплементатори и редовен трансфер на средства од Програмата кон граѓанските организации; тоа овозможи континуитет во давањето услуги за превенција и поддршка на околу 10 илјади припадници на клучните популации засегнати од ХИВ.
- Со решение од Министерот за здравство беше формирана работна група за подготовка на предлог решенија за воспоставување долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ што ги спроведуваат граѓанските организации. Групата се состои од претставници на Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Градот Скопје, како и од претставници на граѓанскиот сектор и ќе продолжи со работа во 2019 година.
- Целите за кои се застапува граѓанскиот сектор во однос на одржувањето на програмите за ХИВ за клучните засегнати популации (финансирање од јавниот буџет; долгорочен механизам на финансирање; зголемување на опфатот) беа поставени високо на агендата на Владата и на Министерството за здравство, како што може да се увиди од неколкуте формални обраќања на Премиерот и на Министерот за здравство, поврзани со 39-тиот состанок на Бордот на Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, кој се одрж а на 9-10 мај, 2018 г. во Скопје.
- Преку активностите на Платформата за одржливост на програмите за ХИВ за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации овие приоритети беа препознаени во нацрт-акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.

- ЗАЕДНО ПОСИЛНИ како организација којашто е основана од лицата што живеат со ХИВ и ги претставува нивните интереси доби свој претставник во новата Национална комисија за ХИВ на Република Македонија што Министерот за здравство ја именуваше во февруари, 2018 г. Комисијата е клучно национално тело одговорно за координација на националниот одговор на ХИВ. Во рамките на Комисијата придонесовме за развивање на планот за работа, во кој како интервенции беа вклучени (1) воспоставувањето на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации и (2) развивањето стандарди за услугите за ХИВ наменети за клучните популации и за услугата за ХИВ тестирање и советување.

- Инициравме и спроведовме, во партнерство и комуникација со други релевантни институции и организации, неколку анализи важни за националниот одговор кон ХИВ:

    - Првата методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија
    - Проценка на недостатокот во финансирањето на услугите за ХИВ наменети за мажите што имаат секс со мажи како клучна засегната популација
    - Неколку анализи на правниот контекст поврзан со заштитата на правото на здравје и со овозможувачката околина за спроведување на услугите за превенција и поддршка во врска со ХИВ за клучните засегнати популации.

- Бевме домаќини и координатори на мисијата на Светската здравствена организација за техничка поддршка на националниот одговор кон епидемијата на ХИВ кај мажите што имаат секс со мажи, од која произлезе патоказ за итни интервенции и нови пристапи.
- ЗАЕДНО ПОСИЛНИ континуирано ја поддржуваше работата на Националната комисија за ХИВ, обезбедувајќи техничка и логистичка поддршка за нејзиното функционирање. Во тој контекст, се погриживме за организацијата на дводневен состанок на Комисијата на 11 и 12 јуни, кој овозможи разгледување најновите стратешки информации во врска со епидемијата на ХИВ на национално ниво, вклучувајќи ги наодите од биобихејвиоралните истражувања меѓу клучните популации засегнати од ХИВ и анализата на континуумот на грижата во врска со ХИВ.
- Заедно со Здружението ХЕРА, а со поддршка на Фондациите Отворено општество, организиравме Дијалог помеѓу граѓанското општество и претставници на донаторски организации на тема Како да се одврати криза на јавното здравје и правата во Југоисточна Европа – партнерства за одржување на сервисите за превенција на ХИВ за клучните популации (17-18 јануари, Белград). 30 претставника на граѓанскиот сектор и неколку донатори од Југоисточна Европа и регионални мрежи од регионот Источна Европа и Централна Азија учествуваа на дијалогот.

# Истражувања и анализи во функција на подобри јавни политики

2018 година беше особено значајна бидејќи иницираме и спроведовме, во партнерство и соработка со други релевантни институции и организации, две исклучително важни анализи за националниот одговор кон ХИВ:

- Првата методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија
- Проценка на недостатокот во финансирањето на услугите за ХИВ наменети за мажите што имаат секс со мажи како клучна засегната популација

Покрај тоа, го поддржавме процесот на спроведување на националното биобихејвиорално истражување и проценката на бројноста на популацијата на мажи што имаат секс со мажи во Македонија, спроведувани од Институтот за јавно здравје во соработка со Универзитетската клиника за инфективни болести и Здружението ЕГАЛ, овозможувајќи поширока консултација и вклученост на организациите и активистите од ЛГБТ заедницата во спроведувањето на овие проценки. Заклучоците од консултативните состаноци со заедницата беа земени предвид при финализирањето на наодите од биобихејвиоралното истражување и проценката на бројноста на популацијата.

Во текот на годината изготвивме неколку анализи на правниот контекст поврзан со заштитата на правото на здравје и со овозможувачката околина за спроведување на услугите за превенција и поддршка во врска со ХИВ за клучните засегнати популации:

- Анализа на законодавство поврзано со правата на ЛГБТИК во врска со ХИВ во Република Македонија во 2018 година. Оваа анализа беше изработена по зададена методологија од страна на Евроазиската коалиција за машко здравје (ЕКОМ) и беше спроведена за 11 земји од Централно и Источна Европа и Централна Азија. Анализата се осврна на законодавството и практиките на органите за спроведување на законите во Република Македонија во контекст на нивната усогласеност со меѓународните стандарди за човекови права и слободи.

- Национален извештај за прекршување на човековите права на геј, бисексуални мажи, други мажи што имаат секс со мажи и транс лица, со осврт на правото на здравје, во Република Македонија. Извештајот содржи краток опис на 20 пријавени случаи на повреда на права, осврт на прекршеното национално и меѓународно законодавство, анализа на видот и најчестите повреди на права, најчестите жртви, најчестите прекршители на права, причини поради кои жртвите најчесто се одлучуваат да не бараат помош, како и препораки за подобрување на состојбата до институциите и граѓанските о рганизации.

- Анализа на проблемите на жените кои живеат со ХИВ. Собраните податоци беа вклучени во Извештај во сенка до Комитетот за елиминација на дискриминацијата на жените, кој во 2018 заеднички го поднесоа организациите: СТАР-СТАР, ХОПС, Коалиција Маргини, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и ЕКОМ.

- Преглед на националното законодавство за извори на финансирање на невладините организации во Република Македонија. Анализата содржИ преглед на законодавството, на достапни механизми за алокација на финансирање, на механизми кои можат да ги користат организации кои работат на теми поврзани со правото на здравје на мажите што имаат секс со мажи и транс лицата, историја на финансирањето на програми кои за целна група ги имаат МСМ и транс лицата преку националната програма за ХИВ, главни законодавни пречки за добивање на доволно ресурси од постоечките извори, како и мониторинг на законодавните пречки кои се оптимални од перспектива на краток рок.

- Пристап до превенција, тестирање, третман, нега и поддршка во врска со ХИВ за мигрантите со нерегулиран статус во Република Македонија 2018. Анализата беше изработена како дел од компаративна правна студија за 16 европски земји, меѓу кои и Македонија, што ја водеше европската мрежа AIDS Action Europe.

# Прва методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ

Континуумот на грижата во врска со ХИВ претставува концептуална рамка што овозможува земјите да ја следат успешноста на својот национален одговор на епидемијата. Таа најчесто се состои од четири столба, кои соодветствуваат на глобалните цели 90-90-90 до 2020 година, прифатени од Генералното собрание на Обединетите нации во рамките на Политичката декларација за ХИВ и СИДА од 2016 година[1]. Целите 90-90-90 подразбираат дека до 2020 година сите земји во светот треба да постигнат таква успешност на својот одговор на ХИВ што 90% од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ ќе имаат направено ХИВ тест и ќе го знаат својот ХИВ-позитивен статус; од оние што го знаат ХИВ-статус, барем 90% ќе примаат антиретровирусна терапија, додека од оние што примаат терапија, барем 90% ќе имаат успешно лекување, односно ќе им биде потиснат вирусот во крвта. Постигнувањето на овие цели всушност значи дека од вкупниот број лица со ХИВ 90% ќе бидат дијагностицирани, 81% ќе примаат терапија, додека 73% од сите лица за кои се проценува дека имаат ХИВ ќе имаат потиснат вирус.

Анализата на континуумот на грижата во врска со ХИВ за прв пат беше спроведен во Република Македонија на методолошки начин во 2018 година, земајќи ги предвид последните официјални епидемиолошки и клинички податоци заклучно со крајот на 2017 г. Анализата беше иницирана и предводена од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, во соработка со здруженијата ЕГАЛ и СТАР-СТАР, а беше спроведена со помош на националните експерти од Институтот за јавно здравје и Универзитетската клиника за инфективни болести. Финансиска поддршка и дополнителна стручна поддршка беше обезбедена во рамките на регионалната програма „Право на здравје“, раководена од Евроазиската коалиција за машко здравје.

Во рамките на оваа анализа за прв пат се направи и проценка на вкупниот број на лица што живеат со ХИВ (на крајот на 2017 г.) – вклучувајќи ги оние што се дијагностицирани, како и оние што не се свесни за својот ХИВ-позитивен статус – што претставува појдовна точка при конструирањето на континуумот (првиот столб на рамката). Според резултатите од анализата вкупниот број на лица што живеат со ХИВ на крајот на 2017 г. беше проценет на 402 лица. Од нив, само 55% биле свесни за својот статус. Имајќи предвид дека глобалната цел до 2020 година е овој процент да биде 90%, очигледно е големата дискрепанца. Ова укажува дека клучен приоритет за земјата е зголемувањето на процентот на лица што се тестираат за ХИВ, пред сè во рамките на популацијата на геј и бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи. Од друга страна,

[1] *United Nations General Assembly. Political Declaration on HIV and AIDS: On the Fast Track to Accelerating the Fight against HIV and to Ending the AIDS Epidemic by 2030. 2016*

анализата покажува и дека откако лицата инфицирани со ХИВ ќе бидат дијагностицирани, можат веднаш да пристапат кон лекување со антиретровирусна терапија (88% од оние што се дијагностицирани примале терапија), како и дека терапијата е успешна кај најголем дел од лицата што ја примаат (дури 94% од оние што биле на терапија имале потиснат вирус во крвта).[2]

Резултатите од анализата покажаа дека земјата е блиску до постигнување на втората и третата цел во рамките на целите 90-90-90. Сепак, треба да се забележи дека втората и третата цел се условени од степенот на остварување на првата цел, односно процентот на лица што се свесни за својот ХИВ-позитивен статус. Оттаму, анализата силно укажува дека национален приоритет во одговорот кон ХИВ е создавањето услови при коишто лицата што се инфицирани навреме ќе ја откријат својата инфекција и ќе бидат поврзани со системот на здравствена заштита во врска со ХИВ-инфекцијата. Погледнато на друг начин, од вкупниот проценет број лица што живеат со ХИВ во Македонија – само 55% знаат дека имаат ХИВ, 49% примаат терапија, додека 46% имаат успешно лекување, односно потиснат вирус во крвта (55%-49%-46% во 2017 г. наспроти целта 90%-81%-73% која треба да ја достигнат сите земји до 2020 г.).

**Графички приказ: Континуум на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија на крајот на 2017 г.**




[2] *Stronger Together Association. The Continuum of HIV Care in the Republic of Macedonia. Assessment report for 2017 with special focus on men who have sex with men. Skopje, 2018.*

Наодите од оваа анализа беа одразени и во обраќањето на Министерот за здравство во рамките на официјалната конференција за медиуми по повод Светскиот ден на СИДА, како една од главните пораки од прес-конференцијата, при што главниот заклучок беше дека Македонија мора да се фокусира на опфатот со тестирање во рамките на клучните популации засегнати од ХИВ, со оглед на тоа што 45% од лицата што живеат со ХИВ не се свесни за својот ХИВ-статус. [2]

Оваа анализа претставува значително подобрување на опсегот на стратешки информации споделени со јавноста во споредба со претходната година. На овие податоци исто така се надоврза мисијата на Светската здравствена организација за техничка поддршка во однос на стратегиите за превенција и грижа во врска со ХИВ, која се одржа од 3 до 14 декември 2018 г., со поддршка од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ.

## Мисија на СЗО во однос на епидемијата кај мажи што имаат секс со мажи

Од 3 до 14 декември ЗАЕДНО ПОСИЛНИ беше домаќин на експертот од Светската здравствена организација, д-р Фабио Мескита, и го координираше спроведувањето на мисијата за техничка поддршка од СЗО во однос на националниот одговор на ХИВ. Оваа поддршка беше иницирана од Националната комисија за ХИВ, а се фокусираше на стратегиите за превенција и поддршка во врска со ХИВ првенствено кај геј и бисексуалните мажи и другите мажи што имаат секс со мажи.

Низ широко инклузивен консултативен процес во рамките на мисијата беше изготвен Патоказ кон зајакната превенција и грижа во врска со ХИВ кај геј и бисексуалните мажи, други мажи што имаат секс со мажи и кај транс лицата во Македонија. На дводневниот консултативен состанок учествуваа 40 учесници од 22 различни институции и организации, од коишто 13 беа релевантни здруженија или мрежи, вклучувајќи ги сите организации на заедницата на ЛГБТ. Мерките од овој патоказ предвидуваат освежување и зајакнување на пристапот кон превенцијата и тестирањето, преку поедноставување на протоколот за доброволно советување и тестирање, отстранување на пречките во пристапот до ХИВ-тестирањето, воведување можност за самотестирање, воведување на постекспозициска профилакса (ПЕП) и предекспозициска профилакса (ПрЕП), со особено внимание за нивната достапност за мажите што имаат секс со мажи и транс лицата, како и поголемо користење на нови комуникациски алатки. Патоказот беше усвоен од Националната комисија за ХИВ и претставува основа за следни активности на Комисијата и на актерите во националниот одговор кон ХИВ. Иако првенствено се фокусираше на мажите што имаат секс со мажи, преку оваа мисија и Патоказот којшто беше развиен, за прв пат посериозно беа препознаени и потребите на транс луѓето во Македонија во контекстот на превенцијата и поддршката поврзани со ХИВ-инфекцијата.

Со препораките од мисијата и предложените мерки беше запознаен и Министерот за здравство, кој даде насока тие да се вградат во националната стратегија за ХИВ.

Ова беше позитивен и клучен напредок во нашето застапување за зголемен фокус на проблемите со кои се соочени мажите што имаат секс со мажи и транс луѓето во Македонија во врска со епидемијата на ХИВ.

# ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ХИВ

## Кампања за подигнување на јавната свесност и одбележување на Светскиот ден на СИДА

Работите се сменети, денес со ХИВ се живее! Работевме на тоа оваа вистина на 30 ноември 2018 да ја пренесеме до крајните слушатели преточена под глобалниот слоган „ДОЗНАЈ ГО СВОЈОТ ХИВ СТАТУС!" за подигнување на јавната свесност, по повод одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 1 Декември и промовирање на ХИВ-тестирањето.

Настанот имаше за цел да влијае и на намалување на стигмата за ХИВ кај општата јавност и да поттикне навремено ХИВ-тестирање кај секого што некогаш бил во ризик од ХИВ инфекцијата. Кампањата имаше и добротворен карактер, давајќи можност за донирање на средства, со цел да се обезбеди директна поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ, а кои се наоѓаат во неповолна економско-социјална положба. Дополнително, цел беше и да се создаде отворен и безбеден простор за луѓето засегнати од ХИВ и да се зајакне одговорот на заедниците кон прашањата околу ХИВ.

**Од активностите за одбележување ги издвојуваме следните:**

- кратко видео како централен производ за кампањата
- прес конференција
- централен настан за промоција на кампањата и прибирање на средства, на кој присуствуваа високи претставници од Владата на Република Македонија, Министрите за здравство и за труд и социјална политика и останати, како и претставници од телата на агенциите на ОН и дипломатскиот кор во Македонија.
- посебен настан за засегнати заедници. Забавата за заедницата која следеше веднаш после централниот настан имаше за цел да ја зајакне кохезијата помеѓу заедниците засегнати од ХИВ и да се создаде отворен и безбеден простор за надминување на интернализираната стигма и да се зајакне одговорот на заедниците кон прашањата околу ХИВ.

**Собрани средства во склоп на кампањата за 2018 година:**

- за време на добротворниот настан: 31.304 денари
- од индивидуални донации и од донации од компании: 71.727 денари
- Вкупно: 103.031 денари



2






# ПАРТНЕРИ, ПОДДРЖУВАЧИ И СОРАБОТНИЦИ

Во остварувањето на својата мисија Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ беше посветено на партнерството и соработката со други владиниот, граѓанскиот и приватниот сектор, препознавајќи дека само со заеднички напори, можат да се направат значајни и долгорочни промени. Особено важни во тој процес во текот на 2018 година, беа следниве партнери и соработници:

- Министерството за здравство на Република Македонија
- Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- Фондацијата Отворено општество Македонија
- Евроазиската коалиција за машко здравје – ECOM
- УНФПА
- AIDS Action Europe
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје
- ЕГАЛ – Еднаквост за геј и лезбејки
- СТАР-СТАР
- Сите организации од Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ

Признанија и благодарници:

Во 2018 година Управниот одбор на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ одлучи да им оддаде официјално и јавно признание на голем број партнери, поддржувачи и соработници.

1. Благодарница - како признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 2018 година:
    - Time to Travel
    - Музеј за современа уметност
    - Grouper www.grouper.mk

2. Благодарница - како признание за соработка и за континуираната поддршка на луѓето што живеат со ХИВ:
    - Министерство за здравство
    - Фондација Отворено општество - Македонија
    - Ана Филиповска
    - Мила Царовска

3. Благодарница - како признание за исклучително залагање во грижата за луѓето што живеат со ХИВ:
    - мед. сестра Зорица Љубичиќ
    - д-р Билјана Петреска
    - мед. сестра Симонида Петрушева
    - д-р Горан Кочоски
    - мед. сестра Лела Газалех
    - д-р Владимир Зориќ
    - д-р Невенка Аџиевска
    - Катерина Наумовска - Ристовска



2






# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## Биланс на приходите и трошоците за 2018 година

**Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје**

Период на известување: **1.1.2018 - 31.12.2018**

| | *во денари* |
|---|---|
| **Почетна состојба на 01.01.2018** | 608.759,00 |
| Приходи од камати | - |
| Приходи од позитивни курсни разлики | - |
| Приходи од грант проекти | 7.988.972,00 |
| Приходи од надомест на трошоци | - |
| Приходи од донации | 129.787,00 |
| Вонредни приходи | 31.304,00 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **8.150.063,00** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ** | **8.758.822,00** |
| Плати и надомест за плати | 2.573.670,00 |
| Трошоци за исплатени хонорари врз основа на договори | 1.806.455,00 |
| Пренос на други субјекти (партнерски организации во проекти) | 967.743,00 |
| Трошоци за закуп на деловен простор, конференциски сали, опрема и сл. | 276.039,00 |
| Трошоци за комуникациски услуги (ПТТ, интернет и сл.) | 43.112,00 |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно и сл.) | 76.945,00 |
| Канцелариски материјали и канцелариска опрема | 225.639,00 |
| Помошен материјал и материјали за обуки,тренинг и сл. | 24.841,00 |
| Трошоци за репрезентација, освежување и хотелски услуги | 513.359,00 |
| Транспортни трошоци (бензин, патарина, автобуски карти, такси превоз и патни трошоци за учесници) | 475.941,00 |
| Останати трошоци (правни, ревизорски, нотарски, сметководствени и други услуги) | 93.200,00 |
| Трошоци за печатење, графичка дејност и укоричување, фотокопирање и снимање | 11.324,00 |
| Трошоци за реклама | 104.452,00 |
| Помошти и донации (набавка на лубриканти и кондоми) | 164.010,00 |
| Трошоци за членарини | - |
| Банкарски провизии и агенциска провизија | 52.519,00 |
| Негативни курсни разлики | 4.776,00 |
| Останати услуги | 64.036,00 |
| Останати трошоци | 26.894,00 |
| **Вкупно трошоци** | **7.504.955,00** |
| Данок на непризнаени трошоци | 408,00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **7.505.363,00** |
| **Крајна состојба на 31.12.2018 за пренос во наредната година** | **1.253.459,00** |

| | |
|---|---|
| Пресметани приходи од аванси - од претходната година | -MKD 15.919,00 |
| Обврски спрема добавувачи | 3.577,00 |
| Пресметан данок на непризнати трошоци | - |
| Обврски за неплатени даноци, плати и сл. | 21,00 |
| Вкупно обврски пренесени во 2018 година | 3.578,00 |
| **Вкупно средства на жиро-сметки за 01.01.2019** | **1.241.118,00** |

## Распределба на вкупните трошоци според областите на делување




## Распределба на трошоците реализирани само од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ



## Извори на финансирање во 2018г.

